Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-813/4
07-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–813/1 од 16.11.2023 година, поднесена од [redacted] Гостивар, со седиште на [redacted] во Гостивар, преку управителот [redacted] од Гостивар, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичка припадност, во областа на уметноста – филмска уметност, од страна на Управниот одбор на Агенција за филм, како и директорот на Агенција за филм, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–813/1 од 16.11.2023 година, поднесена од [redacted] Гостивар, со седиште на [redacted] во Гостивар, преку управителот [redacted] од Гостивар, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 16.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], со седиште на [redacted] во Гостивар, преку управителот [redacted] од Гостивар, против Управниот одбор на Агенција за филм, како и против директорот на Агенција за филм.

Со оглед дека поднесената претставка не ги содржеше сите потребни елементи за постапување по истата, Комисијата побара од подносителот истата да ја доуреди. Именуваниот постапи по барањето на Комисијата и достави доуредување број 08-813/2 од 24.11.2023 година. Во предметната документација се наведува дека правното лице, [redacted] сега подружница на [redacted] ДООЕЛ Гостивар, подносител на претставката за заштита од дискриминација, конкурирал со со проект "Горчливо езеро" во режија на [redacted], на конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен на 15.01.2020 година од страна на Агенција за филм. Според наводите на подносителот Управниот одбор на Агенцијата за филм погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и поради етнички причини намерно погрешно го применил материјалното право од член 26 став

5 и став 6 од Закон за филмска дејност па поради тоа како причина за одбивањето на овој проект ја навеле дистинкцијата помеѓу продуцент и копродуцент. Понатаму подносителот наведува дека Управниот суд на РСМ со пресуда од 16.12.2021 година прецизно образложил дека со Закон за филмска дејност не се прави разлика во поглед на правата на продуцентот и копродуцентот и истите ги уживаат истите права, што одлуката на првостепениот орган ја правела незаконита. Последно, и покрај ваквата околност Управниот одбор на Агенција за филм повторно со истото образложение го одбил истиот проект, поради што според подносителот се потврдува соменжот дека се работи за дискриминација.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека изнесените факти и околности не упатуваат на сторена дискриминација врз подносителот на претставката врз наведените основи од причина што на подносителот не му е оневозможено правото на учество на Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм објавен од страна на Агенција за филм, на еднаква основа со останати пријавени кандидати. По однос на наводите за непостапување по насоките дадени од судот, Комисијата посочува дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација и го упатува подносителот да оствари заштита на своите права пред надлежните судови од повисок степен.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
06.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk